ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ

| Примено: | 01-06-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 133691 | | |

[redacted]

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Благој Бањански**
**именуван за подрачјето на**
**Основните судови**
**Велес,Гевгелија,Кавадарци и Неготино**
**ул. Фемо Кулаков бр.15/1-1**
**тел. 043 370-111**

**Образец бр.66**

**И.бр.119/17**

Извршителот Благој Бањански од Неготино врз основа на барањето за спроведување на извршување од **доверителот Халк Банка АД Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030993162028 и седиште на Бул. Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа ОДУ бр. [redacted] на Нотар Зарија Апостолова од Неготино, против **должникот** [redacted] за спроведување на извршување, на ден 28.05.2021 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означени како:**

-**КП.бр.9046**, викано место Ленинова, култура 50000 1, површина од 151 м$^2$,
-**КП.бр.9046**, викано место Ленинова, култура 60000 2, површина од 27 м$^2$,
-**КП.бр.9046**, викано место Ленинова, култура гз гиз, површина од 385 м$^2$,
запишани во **Имотен лист број 1024 за КО Неготино**, како и :
-**КП.бр.9046**, дел 0, улица Ленинова, бр. на зграда 1, намена лоѓии, балкони и тераси, влез 001, кат 01, број 000, внатрешна површина од 5м$^2$;
-**КП.бр.9046**, дел 0, улица Ленинова, бр. на зграда 1, намена стан во семејна зграда, влез 001, кат 01, број 001,со внатрешна површина од 96м$^2$;
-**КП.бр.9046**, дел 0, улица Ленинова, бр. на зграда 1, намена помошни простории, влез 001, ПР, број 000, со внатрешна површина од 9м$^2$; со право на сопственост на должникот Валентина Астарџиева од Неготино, врз која се спроведува извршување според налогот И.бр.119/17 од 22.07.2020 година на извршител Благој Бањански од Неготино.

**Продажбата ќе се одржи на ден 25.06.2021 година во 11:00 часот во просториите на извршителот Благој Бањански од Неготино, ул.Фемо Кулаков бр.15/1-1.**

**Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Благој Бањански, изнесува 1.549.806,оо денари.**

**На оваа второ јавно надавање, почетната вредност на недвижноста ќе изнесува 1.033.204,оо денари, под која недвижноста неможе да се продаде на оваа второ усно јавно наддавање.**

Недвижноста е оптоварена со товари и службености: заложно право во корист на сега доверителот ХАЛК БАНКА АД Скопје. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

**На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, најкасно до 24.06.2021 година.**

**Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 240320002215396 која се води кај УНИ Банка АД Скопје и даночен број 5019011501177.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижностите, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

**Овој заклучок ќе се објави во дневниот печат за јавно информирање „НОВА МАКЕДОНИЈА“** и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Благој Бањански

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.